## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Започнуваме по 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Петар Поп Арсов, Фијат Цаноски, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Фадил Сулејмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Гоце Марковкси, Надица Танчева Тулиева, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Тито Петковски, Горан Мисовски, Радмила Шекеринска, Стојан Андов и Љубисав Иванов Ѕиго ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Сега разбирам дека пратеникот Петар Поп Арсов е пристигнат во салата.

Ве молам, да ги завземете вашите места и да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи од пријаено 97 пратенци само 31 го искористија правото преку системот да го прикажат своето присуство, јас би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата немаме доволен број на пратеници, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да ја започнеме седницата.

Уште еднаш ги повикува сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места за да може службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателет и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагачот пратеникот Владимир Ѓорчев го повлече предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на изборниот законик, со Предлог на закон.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за високото образование;
2. Предлог на закон за генетски модифицирани организми;
3. Предлог на закон за заштита на правата на пациентите;
4. Предлог на закон за постапување по престевки и предлози;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на "Проектот за изградба на фискултурни Сали", со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за гробишта и погребални услуги, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за аудиовизуелните добра, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, со Предлог на закон.
13. Граѓанска иницијатива на 105 граѓани за собирање на 150.000 потписи за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија на тајно непосредно гласање со "за или против", ќе се изјаснат за референдумското прашање: Дали сте за тоа Република Македонија да стане членка на НАТО со променето уставно име, погазена национална гордост и редефиниран национален идентитет;

Истовремено ве известувам дека предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем наменет за Проектот реформи во железницата кој ќе се случи меѓу ЈП Македонски железници - инфраструкутра Скопје и Меѓународата банка за обнова и развој, со Предлог на закон и Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за проектот за реформи во железницата кој ќе се случи помеѓу Македонски железници - Транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон, со разгледање на 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласле 52 пратеници, 51 гласаа за, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Бесим Догани: Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за високото образование.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули поднесоа амандмани на член 2 точка 14; член 34 за додавање нов став 7 по ставот 6; член 51 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 52 став 1 за додавање нова алинеја 19 по алинејата 18; член 53 став 8; член 54 став 1 за бришење на алинејата 2; член 54 став 1 за менување на алинејата 9; член 63 став 1 за менување на алинејата 3; член 70 за менување на став 6; член 74 за менување на став 8; член 101 став 2; член 107 став 2; член 113 за додавање нов став по ставот 2; член 116 став 7; член 136 ставови 1 и 2; член 170 за менување на став 1; член 170 за менување на став 2 и на член 171 за менување на став 1, по кои Владата не се признела.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандмани на член 53 за додавање нова реченица на ставот 4 и за бришење на став 5 и за додавање нов член 176-а по членот 176, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи и пратеникот Мирјана Секуловска.

Кон овие амандмани се приклучи пратеникот Мирјана Секуловска.

Пратеникот Фијат Цаноски поднесе амандмани на член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 29 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 32 став 2; член 35 став 2; член 35 став 4; член 35 за бришење на став 6; член 38 став 2; член 43 за бришење на став 3; член 52 став 1 за бришење на алинеја 6; член 52 став 1 за бришење на алинеите 13, 14 и 15; член 53 за бришење на ставовите 4 и 5; член 57 алинеја 7; член 91 за бришење на став 1; член 103 за додавање два нови ставови 8 и 9 по ставот 7; член 145 став 1; член 146 за менување на став 1 и на член 52 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Никола Поповски поднесоа амандман на член 174, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Бесим Догани и Гарип Каба поднесоа амандмани на член 2 за додавање нова точка 26 по точката 25; член 16 за менување на став 5; за менување на насловот пред член 26 и за менување на член 26 и на член 169 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска поднесоа амандмани на член 2 став 1 за додавање две нови точки 23 и 24 по точката 22; член 3 став 2 алинеја 7 и за додавање нова алинеја 9 по алинејата 8; за менување на поднасловот пред член 48 и на член 48 став 2; член 48 за додавање нов став 4 по ставот 3; за додавање нов член 49-а по членот 49; член 50 за менување на став 1; за менување на член 51; член 56 став 3; член 56 за додавање нов став 4 по ставот 3; за додавање пет нови членови 59-а, 59-б, 59-в, 59-г и 59-д по членот 59; член 62 за менување на став 8; член 77 за додавање нов став 1 пред ставот 1 и на ставовите 2 и 3 и на член 77 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Тале Герамитчиоски поднесе амандмани на член 22 за менување на став 2 и на член 147 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на член 176 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвије Салиу и Зумрете Јакупи поднесоа амандмани на член 22 за бришење на став 2; член 38 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 39 за додавање нов став по ставот 3; член 70 за менување на став 6; член 74 за менување на став 7; член 99 за бришење на став 3 и на член 114 став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандмани на член 130 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1; член 63 став 1 алинеја 3; член 63 став 1 алинеја 7; член 54 став 1 за додавање нова алинеја 15 по алинејата 14; член 54 став 1 за бришење на алинејата 2, за пренумерација на алинеите од 3 до 14 и за менување на алинејата 9; член 45 став 4; член 46 став 2; член 51 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 52 за менување на алинејата 16; член 53 став 8; член 74 за менување на став 8; член 129 за додавање нов став 2 по ставот 1; за додавање нов член 180-а по членот 180, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на член 42 став 2 алинеја 2; член 49 за менување на став 2; член 49 за бришење на став 3; член 51 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3; член 53 за менување на став 4 и за бришење на ставовите 5 и 8; член 57 за менување на алинејата 2 и за додавање нова

алинеја 3 по алинејата 2; за менување на член 59; член 106 за менување на став 1; за додавање нов член 176-а по членот 176; член 54 став 1 за менување на алинеја 9; член 83 за бришење на став 5; член 53 за бришење на став 8 и на член 53 за менување на став 4 и за бришење на став 5; по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец поднесе амандмани на член 53 за менување на став 5; член 53 став 8; член 52 став 1 и за бришење на алинејата 19; член 54 став 1 за менување на алинејата 9; член 63 став 1 за менување на алинејата 3; член 70 за менување на став 6; член 74 за менување на став 8; член 82 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2 и за додавање нов член 176-а по членот 176, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманите поднесени од пратеникот Ѓорѓи Оровченец се приклучи и пратеникот Марјан Додовски.

Пратеникот Валентина Божиновск аподнесе амандмани на член 53 став 3; член 53 став 8; член 54 став 1 алинеја 9; член 65 став 1; член 74 став 3; член 74 став 8 и на член 105 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пред да отворам амандманска расправа, за збор се јави министерот за образование. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитувани пратеници, дами и господа.

Високото образование како битен сегмент од развојот на земјата се наоѓа пред нови предизвици во неговата натамошна трансформација, структурно организациски и програмско дизајнирање што треба да овозможи натамошно зајакнување на неговата улога во развојот на демократските процеси на пазарното стопанство и во дефинирањето на местото на Република Македонија во глобалните интегративни процеси.

Со потпишувњето на Болонската декларација во септември 2003 година Република Македонија се обврза да ги следи и реализира препораките од Болонскиот процес и заедничката определба за креирање на единствен европски простор на високото образование. Оттука покрај реализацита на другите претпоставки потребно е и донесување на законска регулатива за високото образование целосно усогласено со препораките на Болонскиот процес.

Една од основните цели на предложениот закон е да создаде нормативни претпоставки Универзитетот да биде организиран и да ги остварува своите функции како интегриран Универзитет.

Следејќи го овој модел согласно предложените законски решенија својство на правно лице имаат универзитетите и самостојните високообразовни институции, додека факултетите и високите стручни школи во негов состав се без правен субјективитет и се организирани како единици на Универзитетот.

Во состав на Универзитетот се предлага да бидат и научни институти како единици на Универзитет, како и научни институти надвор од Универзитетот.

Во рамките на овој концепт за интегриран Универзитет се предлага централен универзитетски менанџмет за управување со појасно дефинирање на надлежностите и одговорноста на органите и со проширување на надлженостите на Сенатот и на Ректорот на Универзитетот. На Сенатот како стручен орган и орган на управување на Универзитетот се пренесуваат дел од правата кои до сега по правило беа во надлежност на наставно научните совети на факултетите.

Една од новините која се предлага во рамки на градење на моделот на интегриран Универзитет е Ректорот својата функција да ја врши професионално и правата од работен однос да ги остварува според договор склучен со Сенатот.

Покрај ова, се предлага ректорот врз основа на утврден предлог на еден или повеќе кандидати од наставно-научниот совет на факултетот да врши избор и разрешување на декан, а изборот да го потврдува Сенатот на Универзитетот.

Ректорот и понатаму останува органот одговорен за законитоста на работата на Универзитетот и на единиците и другите установи во неговиот состав.

Со цел да се овозможи отчетност и одговорност во рамките на универзитетите и пред надлежните државни органи се предлага основање на ново тело на Универзитетот - Универзитетски совет кој покрај членови избрани од Сенатот, го сочинуваат и претставници на студентите на основачот на најрепрезентативната организација на работодавачите на Република Македонија и на локалната самоуправа.

Исто така, се дава можност единицата на Универзитетот да формира факултетски одбор односно одбор на високата стручна школа во соработка и доверба со јавноста како нов орган составен од претставници на професионалните комори, деловната заедница и други институции од подрачјето во кое високообразовната установа ја врши дејноста.

Заради согледување и усогласување на прашањата од заедничко значење и интерес за вршење на високообразованата дејност со Предлогот на законот се предлага формирање на две нови односно јавните универзитети да формираат ректорска конференција на јавни универзитети која ќе ја сочинуваат ректорите на јавните универзитети, а приватните универзитети да формираат ректорска конференција на приватни универзитети во Република Македонија, која ќе ја сочинуваат ректорите на приватните универзитети.

Покрај ова со цел да се овозможи разгледување и усогласување на прашањата од заедничко значење за државните и приватните универзитети со предложениот закон се предвидува формирање на интеруниверзитетска конференција која ја сочинуваат претставници од државните и приватните универзитети и на

студентите со права и обврски определени со овој закон и статут.

Согласно препораките од Болоњскиот процес, со Предлог законот се доградува постојниот систем за обезбедување на квалитет во високото образование и се врши негово усогласување со препораките од Коминикето од Берген 2005 година, особено со вклучување на претставници од работодавците и на студентите во телата за обезбедување на квалитет и зајакнување на меѓународната компонента, со применување на прифатените постапки и стандарди и водичот, насоките кои се применуваат од европската мрежа за обезбедување на квалитет.

За успешна транформација на високото образование, многу значајно прашање е изградбата на систем за ефикасно финнасирање на високото образование.

Со предложениот закон се прошируваат надлежностите на Советот кој покрај другото и предлага на Валдата на Република Македонија мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високобразованите установи, како и го определува најмалиот износ на буџетската цена на чинење за финансирање на студиските програми. Новина претставува и предложеното решение во работата на Советот. Покрај членовите избрани од јавните универзитети, во неговиот состав да има и претставници од студентите, како и од организацијата на работодавците на Македонија и претставници од нестопанството, со цел да се обезбеди поголемо влијание на пошироката општествена заедница.

Со Предлог законот се врши целосно имплементирање на препораките на Болоњскиот процес и се создаваат правни претпоставки, особено за: усвојување систем на лесно препознатливи и споредливи степени на образование за да се овозможи проток на вработување и меѓународна конкурентност. Усвојување на систем базиран на три циклуси на универзитетски студии; издавање од високообразованата установа додаток на диплома, диплома саплемент, заедно со дипломата за завршени студии која ќе содржи податоци за нашиот високобразовен систем, содржината на студиите и постигнатите резултати за академските и професионални можности кои ги дава квалификацијата, потребни за продолжување на студиите односно за вработување; целосно воведување на европскиот кредит трансфер систем. Во практиката универзитетите во Република Македонија започнаа да го применуваат, но засега функционира на ниво на факултети, со развивање на кредит трансфер системот како систем за акомулација и трансфер на кредити меѓу универзитетите во земјата и надвор од неја, како и примена на водичот на Европската комисија за кредитите; донесување национална рамка за квалификации компатибилна со сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование; развивање и остварување на студиски програми за стручно и професионално усовршување, имајќи го предвид концептот за учење во текот на целиот живот, доживотно учење, како и организирање на различни облици на неформално учење; остварување на студиските програми за заеднички дипломи која ќе ја изведуваат заедно еден или повеќе универзитети односно самостојни восокообразовни установи од Република Македонија и странство, со што ќе се зајакнуваат процесите на евроинтеграција и промоција на европската димензија во високото образование; Подигање на квалитетот и условите за избор во делот на предвремен избор на наставниците и соработниците и можност за член на рецензиона комисија да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство; поедноставување на постапката и скратување на роковите за призанвање на странските високообразовни квалификации; остварување на нова улога на студентите како страна партнер во образовниот процес со почитување на нивните права, обврски и интереси и нов начин на учество на студентите во управувањето преку претставниците кои ќе ги изберат во студентскиот парламент, студентскиот универзитетски парламент.

Почитувани пратеници, Комисијата за изготвување на закон за високото образование во која членуваат универзитетски професори контунирано работеше долг период на Предлогот на законот поради сложеноста и обемноста на материјата, како и со оглед на природата и суптилноста на одделни прашања. Изготвувањето на предложениот закон се одвиваше со дијалог и размена на мислења со универзитетите по однос на суштинските прашања, како што е градењето на концептот за интегриран универзитет и други значајни прашања при што беа организирани повеќе расправи и средби со универзитетите и беа прифатени нивните конкретни предлози и забелешки.

Свесни сме дека трансформацијата на високото образование е долготраен континуиран процес и неговите ефекти не можат да се согледат вократок период, но убедени сме дека со предложениот закон се создаваат услови за успешна трансфорамција на високото образование за приклучување на универзитетите кон европското и поширокото семејство на универзитети и во градењето на европскиот простор на високо образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал на почетокот да расчистиме една дилема.

Според Деловникот вие започнавте расправа по текстот на Предлогот на законот. Потоа му дадовте збор на министерот кој што искажа овде

едно експозе за потребата од донесување на закон за високо образование, прва фаза која што овој собраниски дом ја изгласа во мај месец 2006 година. Значи, ова е втора фаза и започнавте како што е според Деловникот по тескот на законот амандманска расправа.

Моето прашање е дали тоа значи дека сега ние се враќаме наназад и започнуваме општа расправа бидејки министерот имаше воведно излагање. Значи, ние го задржуваме правото да дискутираме по општ претрес на законот за високо образование.

Ве молам да ми појасните. Ако е така тогаш јас го задржувам правото на дискусија како ќе се јави редот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Точно е дека овој закон е во втора фаза. Имено, на 31.05.2006 година е донесена првата фаза на 134-та седница на Собранието т.е. во минатиот мандат, но исто така Деловнички јас на министерот треба да му дадам збор токму тогаш кога тој ќе побара. И, тоа јас го направив, па му дадов збор. Сега вие ако сакате може да зборуваме по претрес по амандмани втора фаза, ако сакате можете и збор да земете да му реплицирате на министерот или правете како размислувате. Јас работев Деловнички, бидејќи Деловникот ми налага на министерот да му дадам збор кога ќе се јави за збор.

Прво да го сослушаме господинот Сафет Незири за процедурално, па после ќе земете збор господине Герамитчиоски.

Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Ние внимателно го сослушавме експозето на министерот, но правило секогаш било по едно експозе или излагање на министерот треба претходно пратениците да направат една анализа околу неговото излагање. Тоа треба да се направи за да ги дадеме нашите сугестии и во име на ДУИ барам стенограмите да се симнат, да ни се предадат и да се прекине седницава се додека не ни се поднесат стенограмите, да можеме да ги анализираме истите.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи, вашето барање се уважува исто така со барањето на пратеничката група на СДСМ кои побараа денес да завршиме малку порано поради нивните активности, тука ја прекинувам денешната седница, а продолжуваме утре во 11,00 часот со денешната 98-ма седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)